Приправничкиот испит се полага пред испитна комисија формирана од страна на директорот на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје.

Комисијата се состои од претседател и двајца членови и нивни заменици.

Во комисијата треба да има најмалку еден член и еден негов заменик со исто ниво на образование како и приправникот кој го полага приправничкиот испит.

Доколку во установата нема вработен кој е со исто ниво на образование како и приправникот, за член или заменик чкен во комисијата може да се именува лице кое е вработено во друга институција од културата од областа на заштитата на културното наследство.

Комисијата работи и одлучува на седница.

Комисијата полноважно одлучува ако се присутни сите нејзини членови.

Кога некој член од Комисијата е спречен да присуствува на седницата, односно на испитот кој се спроведува, на негово место се повикува неговиот заменик.

Одлуките на Комисијата се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 6

За работата и одлуките на Комисијата како и за текот на приправничкиот испит се води записник.

Записникот го води член на Комисијата.

Член 7

За полагање на приправничкиот испит, приправникот поднесува пријава до архивата на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје, најдоцна 15 дена пред истекот на приправничкиот стаж.

Испитот се полага во рок од 10 дена пред истекот на приправничкиот стаж.

Кон пријавата од став 1 на овој член, приправникот приложува:

- извештај за совладување на дадената програма за поддршка на приправникот, подготвен од менторот;
- мислење од менторот за работата на приправникот во текот на реализацијата на приправничкиот стаж;
- Договор/решение за вработување (копија);
- акциско истражување или студија на случај.

Член 8

Комисијата ја разгледува пријавата со приложените документи, при што проверува дали приправникот ја доставил целокупната документација утврдена во членот (7) од овој правилник.

Комисијата доставува известување до приправникот кој не доставил комплетна и потребна документација, при што се упатува да ја комплетира документацијата, најдоцна пет дена од приемот на известувањето.

Комисијата проверува дали приправникот ги исполнува, односно не ги исполнува условите за полагање на приправничкиот испит и се изготвува извештај со список со приправници кои не ги исполнуваат условите за полагање на приправнички испит.

Врз основа на извештајот од ставот 3 на овој член, Комисијата писмено ги известува приправниците кои не ги исполнуваат условите за полагање на приправничкиот испит, пред истекот на приправничкиот стаж.

Претседателот на Комисијата го известува приправникот за времето и местото за полагање на приправничкиот испит, најдоцна 7 дена пред денот определен за полагање на приправничкиот испит.

Член 9

Приправникот го полага приправничкиот испит во време и место определено за полагање.

Пред полагање на приправнички испит приправникот има право на платено отсуство од работа и тоа за:

- IV и V степен на стручна подготовка, 1 работен ден
- VI и VII степен на стручна подготовка, 2 работни дена.

Член 10

Доколку приправникот кој го започнал полагањето на приправничкиот испит, во текот на испитот, поради болест или други оправдани причини, бил спречен да го продолжи испитот, ја известува Комисијата за спреченоста.

Ако Комисијата утврди дека причините за спреченост на приправникот за продолжување на испитот се оправдани, на приправникот ќе му овозможи да го продолжи испитот во истиот испитен рок. Доколку пак, причините за спреченоста за продолжување на приправничкиот испит се неоправдани, ќе се смета дека приправникот не го положил приправничкиот испит.

Член 11

Ако приправникот не се појави на определениот ден за полагање на приправничкиот испит или пред почетокот на полагањето изјави дека се откажува од полагањето, ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 12

Приправникот кој не го положил приравничкиот испит има право да полага уште еднаш во рок кој не може да биде пократок од 30 дена од полагањето на претходниот испит.

Доколку и по втор пат приправникот не го положи приправничкиот испит на работникот кој е примен на неопределено работно време му престанува работниот однос со истекот на приправничкиот стаж.